**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2026 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 420220 Патување во странство-патни расходи | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 Прехрамбени продукти | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

**Број 09-3851/7**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/5**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на 36 став 1, точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година бр.09-11690/25 од 26.12.2025 година, Советот на Општина Карпош на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година бр.09-11690/25 од 26.12.2025 година, на начин што во член 9, став 4 се брише износот 34,60 и на негово место се запишува износот 42,70.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот кога ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош” а ќе се применува за пресметка на плата за месец Април 2026 година.

**Број 09-3851/8**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2026 година**

1.Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2026 година, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/6** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 23.04.2026 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2025), Советот на Општина Карпош, на 12.седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2026 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2025), во точка II. Проектни активности и во точка III. Финансирање, се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- во точка 1.5. Други проектни активности, и
- во точка 2.2. Активности од областа на енергетската ефикасност

Во точката **1.5. Други проектни активности**, се додава подточка 1.5.2. со наслов **“Меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на Општината Карпош”** со следниот текст:

“Предмет на Договорот за меѓуопштинска соработка е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу Град Скопје, Општина Карпош и ЈП Лајка - Скопје, по основ на финансиско учество заради остварување на заедничка цел и интерес која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на општината Карпош.

Договорот се склучува согласно Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје” бр.16/2020), како и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.6/26).

Согласно гореспоменатите права и обврски, Општината Карпош ќе врши месечна уплата на финансиски средства во висина на 166.667,00 денари на сметката на ЈП

Лајка – Скопје, при што Градот Скопје е обврзан да доставува годишни извештаи од ЈП Лајка за наменското трошење на средствата, до Советот на Општината Карпош”.

Со тоа предвидената финансиска рамка за точката 1.5.2. Меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на Општината Карпош ќе гласи “1.666.670,00 денари.”

Во точката **2.2. Активности од областа на енергетската ефикасност**, насловот на точката 1, **“Поставување на Фотоволтаични системи на покривите на детските градинки “Мајски цвет” (објект на ул. Женевска), УЗ Тафталиџе 2 и “Пролет” (објект Пролет 1, ул. Миле Поп Јорданов), УЗ КЈП**” се заменува со следниот наслов “**Поставување на Фотоволтаични системи на покривите на детските градинки “Мајски цвет” (објект на ул. Женевска), УЗ Тафталиџе 2, “Пролет” (објект Пролет 1, ул. Миле Поп Јорданов), УЗ КЈП и “Орце Николов” (објект на ул. Карпошево востание), УЗ Карпош 3**”.

Во делот на текстот реченицата: “Со цел зголемување на финансиските заштеди и производство на електрична енергија од обновливи извори, а со тоа и заштита на животната средина, Општина Карпош планира да постави фото-волтаични системи **на два објекти** на детски градинки.” се заменува со следната реченица: “Со цел зголемување на финансиските заштеди и производство на електрична енергија од обновливи извори, а со тоа и заштита на животната средина, Општина Карпош планира да постави фото-волтаични системи **на три објекти** на детски градинки.”

Вредноста на инвестицијата од 3.000.000 денари останува непроменета.

Во истата точка (**2.2. Активности од областа на енергетската ефикасност**), во точката 3. **Замена на котелскиот систем за греење на нафта во ООУ „Аврам Писевски“ со систем на ОИЕ – термални пумпи воздух/вода**, вредноста на инвестицијата од 6.000.000 денари се заменува со вредност на инвестицијата: 6.150.000 денари.

I. Во делот Вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III. Финансирање“ износот „125.650.000 денари“ се заменува со износ “127.466.670 денари”.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/9**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), врз основа на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2026 година бр.09-0000/00 од април 2026 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.08/2026) Советот на Општина Карпош, на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година
## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

### Вовед

Секторот за екологија и енергетска ефикасност преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2026 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за екологија и Одделение за енергетска ефикасност. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигнување на свеста на граѓаните за заштита на животната средина во просторот на опфатот на Општината Карпош, намалување на потрошувачката на енергија и заштита на животниот стандард на граѓаните, примена на обновливи извори на енергија во замена на фосилните горива, со што како крајна цел е намалувањето на емисиите на $CO_2$ во воздухот и здрава животна средина.

## I. Развојни приоритети и цели

- Општината Карпош на својата територија ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина (екологија) и енергетската ефикасност;
- Општината треба да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;

- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди и политики, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини.

## II. Проектни активности

1. **Одделение за екологија**

Одделението за екологија своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1. Јавна чистота и хигиена,
2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
3. Урбана опрема,
4. Имплементација на ЛЕАП-от,
5. Други проектни активности.

| 1.1. | Јавна чистота и хигиена |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел одржување, но и подобрување на ефикасноста и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Карпош, како и до сега, и понатаму се стреми да биде најчистата општина во Скопје. Во 2026 година Општината Карпош планира да ангажира помеѓу 90 и 100 сезонски работници кои за својот ангажман ќе бидат исплатени од општинскиот буџет.<br>За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош ќе издвои средства за:<br>• Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн), 50.000.000,00 денари<br>• Набавка на нова техничка опрема и механизација за службата за одржување на јавната хигиена (пили, дувалки за лисја, трактори за косење, косилки итн), 1.600.000,00 денари<br>• Набавка на ХТЗ и друга заштитна опрема, |

| | |
|---|---|
| | 1.200.000,00 денари<br>• Набавка на алат, материјал и друга опрема (метли, пластични канти, гребла, лопати, итн.),<br>700.000,00 денари<br>• Набавка на резервни делови и друг материјал за одржување на машините за косење трева,<br>1.500.000,00 денари<br>• Поставување и одржување на мобилни тоалети на територијата на Општина Карпош.<br>1.000.000,00 денари<br>• Изработка на физибилити студија за основање на јавно претпријатие за комунална хигиена и пајак служба<br>300.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Одржување, подобрување и унапредување на јавната хигиена во општината;<br>• Зголемување на ефикасноста во областа на јавната чистота и хигиена<br>• Подобрување на состојбата со јавните зелени површини |
| **Очекувани резултати:** | Почиста, поздрава и поубава општина |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **56.300.000,00 денари** |
| **1.2.** | **Паркови, јавно зеленило и хортикултура** |
| **1.2.1.** | **Одржување на постојното јавно зеленило** |
| **Опис на активности:** | ***Одржување и реконструкција на јавни тревни површини***<br>Оваа активност ги опфаќа постојните парковски површини, односно замена на исушеното украсно зеленило и оштетената трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева.<br>***Одржување и полевање на младите дрвја***<br>На дрвјата кои беа насадени изминативе 2-3 години од страна на Општината Карпош, потребно им е редовно полевање и одржување, особено во летниот период. За таа цел, во текот на минатите неколку лета беше ангажирана служба со цистерна која ги полеваше дрвцата,з а беше воведена и втора смена за оваа намена. И во следната 2026 година ќе продолжи оваа активност која придонесува за зголемување на процентот на преживување на новонасадените дрвја.<br>***Садење и обнова на украсно зеленило на јавните зелени површини***<br>Општината Карпош, како и во претходниот период, одвојува средства за |

| | |
|---|---|
| | хортикултурното уредување кое го подобрува урбаниот изглед и лик на општината. Вакво украсно зеленило првенствено ќе се сади на зелените површини на кои општината има поставено системи за полевање (16 на број), како и на други локации, како што се жардињерите на Порта Влае, живата ограда во некои училишта, дворот на спортската сала Партизан во Карпош 4, зелените површини околу плоштадите итн.<br>1.000.000,00 денари<br>***Одржување на системите за наводнување***<br>На претходно поставените на зеленилото околу Плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), на кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров, на зелените површини кај платото со фонтаната во Карпош 3, плоштадот во Бардовци, кај платото “Млечен”, во дворот на ООУ Лазо Трповски, зелените површини на ул. Никола Русински (кај ТЦ Лептокарија) и други локации, на ул. Иван Аговски во Карпош 1, Московска и Женевска во Тафталице 2, кај Воените кули во Нерези, во ТЦ Лептокарија во Карпош 3, во дворовите на ООУ Петар Поп Арсов во Карпош 4, ООУ Војдан Чернодрински во УЗ Владо Тасевски и Јан Амос Коменски во УЗ Тафталице 1 (кој е во завршна фаза), паркот спроти хотел Карпош во УЗ Владо Тасевски, паркот помеѓу ул. Ѕоле Стојчев и ул. Желево во УЗ Карпош 4 и тревникот кај Вегера во УЗ Тафталице 1.<br>Овие системи за наводнување неопходно треба да се поправаат и одржуваат, со цел споменатите зелени површини да бидат во добра состојба и функционални.<br>3.500.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Јавното зеленило за кое се грижи Општината Карпош да биде функционално и во добра состојба |
| **Очекувани резултати:** | • Уредени јавни површини со украсно зеленило,<br>• Средени тревни површини,<br>• Полеани јавни зеленила,<br>• Уредени дрвјата на територијата на Карпош. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **4.500.000,00 денари** |
| 1.2.2. | **Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило** |
| **Опис на активности:** | ***Садење на нови листопадни и зимзелени садници***<br>Општината Карпош ќе продолжи да посветува внимание на хортикултурното уредување на зелените површини. За таа цел на определен број на локации ќе биде извршено садење на нови дрвца, поради што и финансискиот износ за овие активности е зголемен. |

| | |
|---|---|
| | Во текот на 2026 година се планира само есенско садење на дрвца од причина што досегашното искуство покажа дека дрвцата насадени во есенскиот период имаат повисок степен на преживување во споредба со оние што се насадени на пролет. Постојат неколку причини за тоа, но најзабележителна причина е исклучително жешкиот летен период во поширокиот реон на Скопје.<br>Најавени се и неколку донации од страна на општествено одговорни правни субјекти за ново зеленило и дрвца, кои се секогаш добредојдени.<br>750.000,00 денари<br><br>***Нови дрвја во жардињери во паркот помеѓу зградите на ул. Јуриј Гагарин 51, 53 и 55 и ул. Миле Поп Јорданов 68, 70 и 72, УЗ КЈП***<br>Од причина што горенаведениот парк (особено во летниот период) е во очајна состојба, а и поради тоа што полевањето на истиот е оневозможено поради тоа што под него се наоѓаат подземните гаражи кои честопати прокиснуваат, планирано е да се постават висококвалитетни дрвја во украсни жардињери (приближно 30) со што целиот простор ќе добие сенка и ќе биде попријатен за користење за жителите на овој дел од Карпош.<br>Исто така, се планира поставување на систем за полевање капка-по-капка со што ќе се избегне рачното полевање, а кореновите системи на дрвјата ќе имаат доволно вода за да се развиваат.<br>1.000.000,00 денари<br><br>***Стручен надзор за активностите од областа јавно зеленило и хортикултура***<br>250.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на состојбата со јавните зелени површини |
| **Очекувани резултати:** | • Нови уредени зелени површини<br>• Зголемен број на дрвја во парковите |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **2.000.000,00 денари** |
| 1.3. | **Урбана опрема** |
| 1.3.1. | **Одржување на урбаната опрема** |
| **Опис на активности:** | ***Одржување и санација на оштетени парковски клупи за седење и корпи за отпадоци***<br>Дел од поставените клупи се оштетени од забот на времето и временските услови, па така неопходна е интервенција и санирање на |

| | |
|---|---|
| | даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).<br>Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, еден дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.<br>***Одржување на детските и спортските игралишта***<br>На територијата на Општината Карпош има голем број на детски игралишта, кои поради експлоатација на истите со тек на времето, треба да се санираат, заменуваат, бојадисуваат и слично. За жал, реквизитите на овие игралишта често се и мета на неодговорни граѓани кои најчесто во доцните вечерни часови намерно ги оштетуваат. Во 2026 година Општината Карпош планира целосна реконструкција и поставување на нови реквизити на детските игралишта во рамките на три детски градинки, поточно детските градинки “Мајски цвет” (објект во Тафталице 2), “Распеана младост” (објект во Карпош 1 и “Пролет” (објект во Козле). Сметаме дека оваа активност ќе создаде сигурна и креативна средина за децата кои ги посетуваат овие градинки.<br>Исто така, Акцентот следната година ќе биде на пофреквентно и поефикасно санирање на оштетувањата, како и замена на материјалот на најчесто оштетуваните реквизити, се разбира во рамките на финансиските можности.<br>Во врска со реквизитите на спортските игралишта, исто така ќе се врши чест мониторинг и оштетените реквизити ќе бидат санирани во најкус можен рок.<br>***Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи***<br>Се работи за реконструкција на оградите и останати браварски работи (заштитни столбчиња, настрешници и сл.) и нивно тековно одржување.<br><br>Вкупно за целата урбана опрема: 7.000.000,00 денари<br><br>***Одржување на фонтаните и чешмичките за пиење вода***<br>Изградените пет фонтани кои се наоѓаат на плоштадот Делфина во Влае, на платото во Карпош 3, на плоштадот во Бардовци, плоштадот во УЗ П.Б.К (спроти студентски дом Гоце Делчев) и во близина на Адреналинскиот парк, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба.<br>Истото се однесува и за чешмичките за пиење вода кои се во надлежност на Општината Карпош (вкупно 11) , а кои честопати се поправаат поради дотраеност или вандализам. Во 2026 година се |

| | |
|---|---|
| | планира замена на сите чешмички со нови, како и поставување на нови 3 чешмички на локации за кои има барања од граѓаните.<br>3.800.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Исправна и функционална урбана опрема која ќе служи за релаксација на граѓаните |
| **Очекувани резултати:** | Одржувани и функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, реквизити на детски и спортски игралишта, метални огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **10.800.000,00 денари** |
| 1.3.2. | **Поставување на нова урбана опрема** |
| **Опис на активности:** | ***Детски игралишта***<br>Изградбата на новите игралишта со реквизити безбедни за децата се врши или на локации кои се со многу оштетени и застарени реквизити или на сосема нови локации.<br>***Клупи и корпи***<br>Поставувањето на нови клупи за седење и корпи за отпадоци исто така ќе продолжи во 2026 година, а ќе се реагира како по барање на урбаните заедници и самите граѓани, така и по увид на лице место од страна на стручните служби на Општина Карпош.<br>Оваа година се планира и поставување на нови корпи за отпад за селекција на пластика, хартија и мешан комунален отпад на локацијата на ТЦ Лептокарија во Карпош 3, за што ќе се соработува и со некој од лиценцираните постапувачи за селекција на отпад, а ќе се поставуваат и специјализирани канти/корпи за миленици.<br>1.500.000,00 денари<br>***Заштитни столбчиња***<br>Со цел зголемување на безбедноста на пешаците и подобрување на урбаниот ред, Општина Карпош планира поставување на заштитни столбчиња долж критичните улици и пешачки премини. Најголем приоритет ќе бидат локациите кај училиштата, градинките, здравствените установи и фреквентни премини, каде што постои зголемен ризик од сообраќајни несреќи и непрописно паркирање.<br>500.000,00 денари<br>***Фитнес зони***<br>Се предвидува изградба на две фитнес зони на отворено со современи справи за вежбање кои ќе бидат достапни за млади, возрасни и сениори.<br>Реализацијата на оваа активност ќе придонесе за зголемена физичка |

| | |
|---|---|
| | активност кај граѓаните, подобрено јавно здравје и создавање на поатрактивни и функционални јавни простори.<br>1.000.000,00 денари<br>***Стручен надзор за активностите од областа на урбаната опрема***<br>300.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Нова урбана опрема за одржливост на јавната хигиена, како и за одмор и релаксација на граѓаните |
| **Очекувани резултати:** | Нови функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, детски игралишта, фитнес зони, огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **3.300.000,00 денари** |
| **1.4.** | **Имплементација на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) преку годишни активности** |
| **Опис на активности:** | ***Реализација на проектите и активностите од Акцискиот план за 2026 година***<br>По усвојување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2026 година, ќе следи комисиско определување на активностите за имплементација на проекти во рамките на ЛЕАП 3.<br>За таа цел ќе се формира комисија за спроведување на активностите од ЛЕАП 3 која ќе изработи краток едногодишен Акциски план за 2026 година со конкретни мерки и активности за реализација во согласност со ЛЕАП 3, а кој потоа ќе биде даден на усвојување на седница на Совет на Општина Карпош.<br>Во наведениот Акциски план на годишно ниво ќе бидат определени приоритетните проекти предвидени за реализација во текот на тековната 2026 година.<br>Како приоритетни за 2026 година се предлагаат активности за реализација во повеќе области, и тоа:<br>• Област Амбиентален воздух - Активности за намалување на нивото на аерозагаденост во Општината Карпош. Подигнување на јавната свест со цел да се почитува Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата – котли за парно греење во објекти, како и во индустриски и занаетчиски постројки.<br>• Област Отпад – Органскиот отпад како можност за употреба во процес на компостирање и добивање на хумус. |

| | |
|---|---|
| | • Област <u>Енергетска Ефикасност</u> – Континуитет на активностите поврзани со употребата на технологија со обновливи извори на енергија и други активности поврзани со штедлива и ефикасна употреба на енергијата<br>• Област <u>Почва</u> - Озеленување и подигање на нови садници<br>Стручните лица во Секторот за екологија и енергетска ефикасност веќе имаат нотирано одредени предлог-активности кои ќе бидат преточени во Акцискиот план за 2026 година, како што се подигањето на “зелен ѕид” и поставување на систем капка-по-капка во дворовите на едно основно училиште и една детска градинка, спроведување на пилот програма за поставување на 10 филтри на печки или оџаци, субвенционирање на чистење на оџаци, набавка и поставување на камери на локации каде што незаконски се депонира отпад, зголемување на јавната еколошка свест преку едукација, како и други активности. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Карпош – еколошки просперитетна општина; здрава животна средина за сите граѓани |
| **Очекувани резултати:** | Имплементација на определен број на активности предвидени во ЛЕАП-от со што би се дал придонес за почиста и поздрава животна средина. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **2.500.000,00 денари** |
| **1.5.** | **Други проектни активности** |
| **1.5.1.** | **Стерилизација и кастрација на улични мачки и мачори** |
| **Опис на активности:** | Главната цел на активноста е ублажување на проблемот со големиот број на бездомни мачки во смисол на контрола и здравствена заштита.<br>Благосостојбата на бездомните животни е загрозена поради повеќе проблеми, како што се неухранетоста, болестите, повредите од сообраќајните несреќи и преку борба, а исто така животните се жртви на нехумани методи на убивање, како што е труењето со отров, електричен шок и давење и сурови методи на фаќање.<br>По безбедното фаќање и транспортирање на бездомните мачки, за нивниот третман постојат две понатамошни сценарија кои зависат од тоа во каква состојба е животното. Доколку мачката е премногу стара, агресивна или беспомошна истата се заспива, додека останатите се подложуваат на кастрирање, маркирање, прочистување од црви и нивна вакцинација пред да се пуштат. |
| **Стратешки** | • Заштита на граѓаните од зоонози, кои ги пренесуваат мачките |

| | |
|---|---|
| **насоки и цели:** | скитници;<br>• Намалување на агресијата од мачки во сезона на парење;<br>• Заштита на бездомните мачки, редуцирање на нивниот број и нивно трајно вдомување,<br>• Воспоставување на волонтерска служба за редовно собирање на бездомните мачки. |
| **Очекувани резултати:** | Третман на околу 250 бездомни мачки и значително намалување на нивниот број во временски рок од 5 до 6 години. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **500.000,00 денари** |
| 1.5.2. | **Меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на Општината Карпош** |
| **Опис на активности:** | Предмет на Договорот за меѓуопштинска соработка е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу Град Скопје, Општина Карпош и ЈП Лајка - Скопје, по основ на финансиско учество заради остварување на заедничка цел и интерес која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на општината Карпош.<br>Договорот се склучува согласно Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје” бр.16/2020), како и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.6/26).<br>Согласно гореспоменатите права и обврски, Општината Карпош ќе врши месечна уплата на финансиски средства во висина на 166.667,00 денари на сметката на ЈП Лајка – Скопје, при што Градот Скопје е обврзан да доставува годишни извештаи од ЈП Лајка за наменското трошење на средствата, до Советот на Општината Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Контрола на бројот и подобрување на благосостојбата на бездомните кучиња;<br>• Зголемена безбедност на граѓаните. |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на бездомни кучиња и побезбеден Карпош |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска** | **1.666.670,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **рамка:** | |

**2. Одделение за енергетска ефикасност**

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1. Јавно осветлување,
2. Активности од областа на енергетската ефикасност.

| **2.1.** | **Јавно осветлување** |
|---|---|
| **2.1.1.** | ***Одржување на постоечкото јавно осветлување на територијата на Општина Карпош*** |
| **Опис на активности:** | Со реализацијата на оваа активност заклучно со 2024 година беа заменети над 5.000 натриумови светилки со нови ЛЕД светилки. Остварените заштеди на годишно ниво се 70-80% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки.<br><br>***Промена на преостанатите натриумови во ЛЕД светилки***<br>Исто така во 2026 година потребно е од преостанатите 474 светилки да се променат околу 100 нови ЛЕД .<br>2.000.000,00 денари<br><br>***Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување***<br>Поради замената на светилките и воспоставување на нов автоматски систем на контрола, опрема која е предмет на одржување под гарантен рок, потребно е засилено одржување и реконструкција на останатиот дел од инсталациите, вршење на ископи за санација на дефекти, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна.<br>7.000.000,00 денари<br><br>***Такси за електрични приклучоци и сметки за потрошена електрична енергија***<br>Во текот на тековната година Општината Карпош повремено има потреба од набавка и поставување на нови електрични броила со цел да ја одвои, односно регулира, сопствената потрошувачка на електрична енергија од други субјекти. Финансиските трошоци за таа активност се предвидени од овој дел од Програмата, каде се предвидени и средства за потрошената електрична енергија. |

| | |
|---|---|
| | 11.000.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Со реализација на оваа проект се отвара простор во наредниот временски период целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во општината,<br>• Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | • Помала потрошувачка на електрична енергија и средства за јавно осветлување ефикасен систем и функционирање на мрежата без дефекти и застои безбедни улици и јавни површини за граѓаните,<br>• Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **20.000.000,00 денари** |
| 2.1.2. | **Изградба на нови системи на јавно осветлување** |
| **Опис на активности:** | ***Подготовка на проектна документација***<br>Проектната документација е законска обврска доколку на постојниот систем се приклучуваат нови линии и светилки. Новите проекти треба да бидат исклучиво со ЛЕД светилки кои ќе имаат приклучок на постојните ормари за улично осветлување.<br>Согласно законските прописи, изработените проекти подложат на стручна ревизија пред да биде објавена јавната набавка.<br>1.000.000,00 денари<br><br>***Ново јавно осветлување***<br>Останува потребата осветлувањето да биде поврзано со изградбата на нови сообраќајници, нови зелени површини и пешачки зони кои се планираат за наредниот период, како и изградени јавни површини кои досега не биле соодветно осветлени.<br>Во 2026 година се планира поставување на **ново улично осветлување на повеќе локации** во неколку урбани и месни заедници, и тоа:<br>- Осветлување на пешачка патека покрај ООУ Владо Тасевски, УЗ КЈП (600.000 денари),<br>- Осветлување на паркинг простор пред комплексот “Македонско село”, УЗ Нерези (2.000.000 денари),<br>- Осветлување на дворот на ООУ Братство, во делот на ул. Московска, УЗ Тафталиџе 2 (500.000 денари),<br>- Осветлување околу новата административна зграда на Општина |

| | |
|---|---|
| | Карпош, УЗ Карпош 3 (600.000 денари),<br>- Осветлување на пешачка патека до просториите на урбаната заедница Карпош 1 (100.000 денари),<br>- Осветлување на пристапна улица во т.н. населба Шпанско село, дел 4, УЗ КЈП (300.000 денари) и<br>- Осветлување на ул. Нерешка 5, УЗ ПБК (300.000 ден.)<br><br>Исто така, потребно е и **поставување и/или реконструкција на јавното осветлување по добиените средства за инфраструктурни проекти од Владата**, и тоа:<br>- Реконструкција на осветлувањето на ул. Трифун Бузев, УЗ Карпош 4 (2.600.000 денари),<br>- Реконструкција на осветлувањето на ул. Атинска, УЗ Владо Тасевски (2.500.000 денари),<br>- Реконструкција на осветлувањето на ул.Бранислав Нушиќ, УЗ Карпош 2 (1.900.000 денари), и<br>- Реконструкција на осветлувањето на ул. Софиска, УЗ Тафталиџе 2 (400.000 денари)<br>11.800.000,00 денари<br><br>***Стручен надзор за јавно осветлување***<br>500.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Осветлување на сите новоизградени површини, и останати неосветлени јавни површини |
| **Очекувани резултати:** | • Воспоставување на високоефикасно ЛЕД осветлување на јавните површини,<br>• Зголемување на безбедноста и стандардот на живеење на граѓаните на Карпош. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **13.300.000,00 денари** |
| 2.2. | **Активности од областа на енергетската ефикасност** |
| **Опис на активности:** | 1. **Поставување на Фотоволтаични системи на покривите на детските градинки “Мајски цвет” (објект на ул. Женевска), УЗ Тафталиџе 2, “Пролет” (објект Пролет 1, ул. Миле Поп Јорданов), УЗ КЈП и “Орце Николов” (објект на ул. Карпошево востание), УЗ Карпош 3**<br>Општина Карпош има за цел рационално и ефикасно користење на сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот и пренасочување на финансиските заштеди во подобрување на работата |

| | |
|---|---|
| | на основните училишта и детските градинки.<br>Во минатите години Општината Карпош постави фотоволтаични системи во 10 основни училишта и хибридни колектори за производство на електрична енергија и топла вода во една детска градинка. Изработена е и соодветна проектно-техничка документација за поставување на фотоволтаични системи на сите детски градинки и основни училишта во општината.<br>Со цел зголемување на финансиските заштеди и производство на електрична енергија од обновливи извори, а со тоа и заштита на животната средина, Општина Карпош планира да постави фото-волтаични системи на три објекти на детски градинки.<br>Вредност на инвестицијата: 3.000.000,00 денари<br><br>2. **Одржување на фотоволтаичните системи во основните училишта**<br>За непречено користење на веќе поставените десет фотоволтаични системи, потребно е нивно редовно чистење и одржување. Одржувањето ќе се спроведува 2 пати годишно, пришто ќе се врши контрола на исправноста на системот (проверка на врската, конекторите, напонот на стринговите, функционалноста на инверторите и целиот систем), ќе се врши физичко чистење од евентуални наноси, како и други активности потребни за правилно функционирање на системите. За исправноста на опремата, како и за извршените активности ќе биде изработен извештај од страна на стручна фирма.<br>Вредност на инвестицијата: 250.000,00 денари<br><br>3. **Замена на котелскиот систем за греење на нафта во ООУ „Аврам Писевски“ со систем на ОИЕ – термални пумпи воздух/вода**<br>Ова е последниот систем на фосилно гориво во Општината и се предвидува негова замена со термални пумпи воздух/вода во високо температурен режим (55°C) на греење со постојниот радијаторски систем во објектот.<br>Ваквиот систем ќе овозможи и ладење во летниот период во режим 12-17°C преку радијаторскиот систем во овие простории кои се користат во летниот период.<br>Со промената на системот за греење во ООУ Аврам Писевски, во Општината Карпош веќе нема да има објект во општинска надлежност кој ќе користи фосилно гориво, со што ќе се даде придонес во заложбите за почиста и поздрава животна средина. |

| | |
|---|---|
| | Вредност на инвестицијата: 6.150.000,00 денари<br><br>4. **Замена на нисконапонски табли, осигурувачи и инсталација во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, УЗ Карпош 1 и детска градинка “Пролет” (објект “Сончогледи”), УЗ Влае 1**<br>Во овие јавни објекти од безбедносни причини треба да се заменат старите дотраени табли со топливи осигурувачи и инсталации кои во сегашни услови се закана за безбедноста на сите корисници, вклучително и учениците и децата од предшколска возраст.<br>Оваа потреба е утврдена и од извршениот технички преглед и периодични испитувања на ниско-напонските електрични инсталации изведени од лиценцирана фирма, со чиј извештај се препорачува оваа активност.<br>Вредност на инвестицијата 1.200.000,00 денари<br><br>5. **Замена на внатрешното осветлување во спортските сали во основните училишта “Војдан Чернодрински”, “Вера Циривири - Трена” и “Димо Хаџи Димов”**<br>Во спортските сали на гореспоменатите училишта нема соодветно осветлување, а има голема инсталирана снага и проблеми за замена на постојните флуо светилки и рефлекторите поради користење на скеле. Поради тоа, потребно е инсталирање на ЛЕД светилки со што ќе се подобри квалитетот на осветлувањето, а воедно и ќе се постигне значителна заштеда на потрошувачката на електрична енергија.<br>Вредност на инвестицијата: 2.000.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на енергетската ефикасност во областите кои се во надлежност на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на трошоците преку намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија; подобар и поефективен увид на потрошувачката и постепено воведување на алтернативни (обновливи) извори на енергија. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **12.450.000,00 денари** |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **127.466.670,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, од ставката Надомест∂ за уредување на градежно земјиште.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

**IV. Завршни одредби**

Секторот за Екологија и енергетска ефикасност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/9**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/7**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24,) а согласно одредбите од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25), Советот на Општина Карпош на 12.седница одржана на 22 април 2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Едногодишниот краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/10**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

# Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План)за 2026 година

**Скопје, Април 2026 годин**

Вовед

Во согласност со Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), една од надлежностите на општините е „заштита на животната средина и природата преку мерки за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење“.

Според Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) “Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина во согласност со утврдена методологија”.

Почитувајќи ги овие законски обврски, преку веќе донесениот ЛЕАПЗ на Општина Карпош во кој се идентификувани клучните проблеми поврзани со заштитата на животната средина опфатени во следните тематски области:

1) Води,
2) Воздух,
3) Почва и користење на земјиште,
4) Природа и биолошка разновидност,
5) Бучава емитирана во животната средина,
6) Отпад,
7) Енергетска ефикасност.

Анкетата спроведена на идентификуваните 21 проблеми од сите тематски области посочи 6 клучни проблеми кои се предмет на дејствување со акциските планови во шестгодишниот период на реализација на овој стратешки документ.

Акцискиот план за 2026 година претставува предлог мерки и активности кои се однесуваат на овие наведени проблеми што треба да почнат или целосно да се реализираат во 2026 година. Во програма за работа на Секторот за екологија и енергетска ефикасност за 2026 година е предвиден буџет од 2.500.000,00 денари за реализација на истите.

Методологија за реализација на активностите

Врз основа на ДПСИР методологијата (Driving force - движечка сила, Pressure - притисок, State - состојба, Impact - влијание, Response - одговор/реакција) преку која се дефинира движечките сили кои имаат влијание на животната средина, притисокот кој ја модифицира состојбата на медиумите и животната средина, сегашната состојба и

влијанието како и дефинирање на соодветен одговор/акција за решавање на проблемите.

Имајќи ја во предвид ДПСИР методологијата во целост Акциониот план е базиран на истата и се фокусира на следниот методолошки пристап на реализација на активностите со следниот редослед:

- Дефинирање на проблемот;
- Дефинирање на мерки за разрешување;
- Идентификација на акциите кои треба да се превземат за спроведување на предложените мерки;
- Одговорни лица за спроведување на активностите;
- Временска квартална реализација на активности;
- Предвидени средства за реализација и
- Идентификација на можни надворешни извори за финансирање.

За секој од предложените проекти за реализација се предвидува и план за набљудување и оценување кој ги содржи:

1. Очекување резултати;
2. Показатели и успех;
3. Фреквенција на следење;
4. Одговорно лице за набљудување и оценување на успешноста на реализацијата на мерките и акциите во ЛЕАП за Општина Карпош.

Мерки и активности за реализација – табеларен приказ
Тематска област: Воздух
Проблеми Мерки АкцииОдговорни лица за реализација Предвиден буџет (денари) Време на реализација Можни извори на финансирање
Загадување на амбиенталниот воздух од сообраќајотНамалување на емисиите на загадувачки материи (NOx, PM10, VOC, SO2) кои потекнуваат од сообраќајот над граничните вредности на заштита на животната средина за секоја загадувачка материја поединечно Поставување на т.н. “Зелен ѕид за прочистување на воздухот” во детска градинка „Мајски Цвет“ ул. Варшавска Секторот екологија и енергетска ефикасност 450.000,00 денари 2026 година
Средства од буџетот на Општина Карпош
Загадување на амбиенталниот воздух од сообраќајотПримена на подобри и поинтензивни техники за чистење на улицитеНабавка на 2 мобилни машини за чистење

на јавни површини со вода под притисок Секторот екологија и енергетска ефикасност 120.000,00 денари 2026 година

Средства од буџетот на Општина Карпош

Загадување на амбиенталниот воздух со емисии од стационарни извори на согорување цврсти, течни и недозволиви горива за загревање кај домаќинствата и правни субјекти

Подигнување на јавната свест со цел да се почитува Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата- котли за парно греење во објекти, како и во индустриски и занаетчиски постројки (Сл. Весник на Република Македонија бр.146/10)

Поставување на филтри на оџаците во домаќинствата Секторот екологија и енергетска ефикасност 150.000,00 денари 2026 година

Средства од буџетот на Општина Карпош

Забелешка:

Со овие мерки опфатени се 1 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош Вкупно средства за реализација: 720.000,00 денари

Тематска област: Енергетска Ефикасност

Проблеми Мерки АкцииОдговорни лица за реализација Предвиден буџет (денари) Време на реализација Можни извори на финансирање

Незаинтересираност и мал степен на познавање кај граѓанскиот и приватниот сектор за можностите и технологиите за користење на алтернативни извори за енергија

Стимулација за имплементација на мерки за енергетска ефикасност

”Изградба на фотоволтаична централа во детска градинка „Орце Николов“ Карпош 4 Сектор за екологија и енергетска ефикасност 280.000,00 денари 2026 година

Средства од буџетот на Општина Карпош

Стимулација за имплементација на мерки за енергетска ефикасност Програма за енергетска ефикасност (2027 -2029) година Сектор за екологија и енергетска ефикасност 350.000,00 денари 2026 година Средства од буџетот на Општина Карпош

Забелешка:

Со овие мерки опфатени се 2 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош Вкупно средства за реализација: 630.000,00 денари

Тематска област: Отпад

Проблеми Мерки АкцииОдговорни лица за реализација Предвиден буџет (денари) Време на реализација Можни извори на финансирање

Примарна селекција на отпад на место на генерирање од домаќинства и правни субјекти Промовирање на пилот проект за сепарирање, рециклирање и реупотреба на одреден тип на материјал кој се рециклира Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта Секторот екологија и енергетска ефикасност 150.000,00 денари 2026 година Средства од буџетот на Општина Карпош

Појава на недозволено одлагање на отпад на јавни површини Чистење на постоечките ѓубришта Чистење депонии со механизација Секторот екологија и енергетска ефикасност 400.000,00 денари 2026 година Средства од буџетот на Општина Карпош

Појава на недозволено одлагање на отпад на јавни површини Воспоставување на мониторинг и следење на состојбата Поставување на камери за мониторинг и следење на состојбата со недозволено одлагање на отпад на клучни места Секторот екологија и енергетска ефикасност 400.000,00 денари 2026 година Средства од буџетот на Општина Карпош

Појава на недозволено одлагање на отпад на јавни површини Воспоставување на мониторинг и следење на состојбата Изработка на Стратегија за справување со отпад на јавни површини Секторот екологија и енергетска ефикасност Без финансиски импликации 2026 година Без финансиски импликации

Забелешка:

Со овие мерки опфатени се 1 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош Вкупно средства за реализација:
950.000,00 денари

Тематска област: Вода

Проблеми Мерки АкцииОдговорни лица за реализација Предвиден буџет (денари) Време на реализација Можни извори на финансирање

Користење на плитка вода за пиење за полевање на зеленило и цветни култури и како техничка вода Подигнување на свеста кај населението за важноста од заштитата на

водата и водните ресурси и рационалното користење на водните ресурси Поддршка од Здружение на граѓани за едукативни и информативни содржини за сите медиуми за деца во школска возраст Секторот екологија и енергетска ефикасност 200.000,00 денари 2026 година
Средства од буџетот на Општина Карпош
Забелешка:
Со овие мерки опфатени се 1 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош Вкупно средства за реализација: 200.000,00 денари

Финансиски импликации

Општина Карпош во рамките на својот финансиски и кадровски потенцијал, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и останатите општини во Град Скопје, вложува напори да го одржи и поправи нивото на квалитетот на животната средина. Во согласност со финансиските можности како средства во буџетот за реализација на овој акциски план во 2026 година се проектирани вкупно 2.500.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за најнеопходните мерки и активности што треба да ги превземе општината кои се дадени во текстот подолу.
За спроведување на предложените активности се предвидени следниве потребни средства:

1. Поставување на т.н. “Зелен ѕид за прочистување на воздухот” во детска градинка ............................................... 450.000,00 денари
2. Набавка на 2 мобилни машини за чистење на јавни површини со вода под притисок.......................................... 120.000,00 денари
3. Поставување на филтри на оџаците во домаќинствата .................................................................... 150.000,00 денари
4. Изградба на фотоволтаична централа во детска градинка „Орце Николов“ Карпош 4 ................................. 280.000,00 денари
5. Програма за енергетска ефикасност ................................. 350.000,00 денари
6. Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта ................ 150.000,00 денари
7. Чистење депонии со механизација ...................................... 400.000,00 денари
8. Поставување на камери за мониторинг и следење на состојбата со недозволено одлагање на отпад ............... 400.000,00 денари
9. Поддршка од Здружение на граѓани за едукативни и информативни содржини за сите медиуми за деца во школска возраст ............................................................................ 200.000,00 денари

10. Изработка на Стратегија за справување со отпад на јавни површини ............................................................................... Без финансиски импликации
Вкупно ........................................................................................ 2.500.000,00 денари

Овој Акционен план обезбедува успешна реализација на современиот приод при креирањето и спроведувањето на политиката за заштита на животната средина и планирањето на одржливиот развој кој не е можен без квалитетни, исцрпни и ажурни информации за изворите на загадувањето, за состојбата во животната средина и просторот, за техничко – технолошките решенија кои се на располагање и за економско – финансиските односи во фазите на инвестирање и реализирање на производство.

Поттикнати од законските обврски, но и свесни за состојбите со животната средина и желбата истата да се унапреди, Општина Карпош во континуитет ќе продолжи со спроведување на ЛЕАП-от како план на мерки и активности за решавање на проблемите во животната средина и зачувување на постојните природни убавини и релативно чиста животна средина.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид**

1. Се објавува Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/8**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22) како и Предлогот за донација бр.50-2997/1 од 23.03.2026 година од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид, Советот на Општина Карпош, на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид

### Член 1

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.50-2997/1 од 23.03.2026 година од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид, за Основен проект за улична водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација за дел од ул.Драгутин А.Гуте населба Влае, изработен од ДООЕЛ КБК ИНЖЕНЕРИНГ Скопје, со Технички бр.02П/2026 од февруари 2026, со комплетна ревизија на истиот од страна на ЈП Водовод и канализација Скопје заведена под бр.1302-678/1 од 09.03.2026година.

Вкупна вредност на донацијата изнесува 145.140,00 денари со вклучен ДДВ.

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Предмет на оваа одлука, дефиниран во член 1 е подобрување на комуналните и инфраструктурните услови на дел од жителите на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува матичниот сектор на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/11**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје , донесено на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/9**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024 ) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Одлуката за предлагање претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на ЈУ за деца –детска градинка „Мајски Цвет “ -Општина Карпош бр.27-3406/1 од 12.03.2026 година, Советот на Општина Карпош на 12. седница одржана на 22 април 2026 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ претставник од Градот Скопје, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Никола Попов

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет “претставник од Градот Скопје, Советот на Општина Карпош ја именува и верификува:

- Наташа Манеска

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/12** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 22.04.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје, донесено на 12. седница  на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/10**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024 ) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Барањето бр.09-3386/1 од 31.03.2026 година, и Одлуката за предлагање претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на ЈУ за деца- детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош – Скопје бр.27-3406/8 од 12.03.2026 година, Советот на Општина Карпош на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Орце Николов“ претставник од Градот Скопје, а именувана и верификуваа од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

-Стефанија Бојаџиевска Марковска

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Орце Николов “ претставник од Градот Скопје, Советот на Општина Карпош ја именува и верификува:

- Биљана Пауновска

3. Со ова решение се разрешуваат членовите на управен одбор на ЈУОДГ „Орце Николов“ претставници од редот на родителите, а именувани и верификувани од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Александра Ѓорѓиева
- Драган Бошковски

4. За членови во управниот одбор на ЈУОДГ „Орце Николов “претставници од редот на родителите, Советот на Општина Карпош ги именува и верификува:

- Драган Бошковски
- Александра Ѓорѓиева

5. Со ова решение се разрешува член на управен одбор на ЈУОДГ „Орце Николов“ претставник од редот на вработените, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Суеда Бајрактар

6. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Орце Николов “претставник од редот на вработените, Советот на Општина Карпош ја именува и верификува:

- Суеда Бајрактар

7. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/13**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје, донесено на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/11**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024 ) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Одлуката за предлагање претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на ЈУ за деца –детска градинка „Пролет “ - Општина Карпош бр.27-3406/16 од 12.03.2026 година, Советот на Општина Карпош на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Пролет“ претставник од Градот Скопје, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Весна Кирациевска

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Пролет “претставник од Градот Скопје, Советот на Општина Карпош ја именува и верификува:

- Ахмет Исмаили

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/14**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје, донесено на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/12**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024 ) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Одлуката за предлагање претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на ЈУ за деца- детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош – Скопје, бр.27-3406/12 од 12.03.2026 година, Советот на Општина Карпош на 12. седница одржана на 22 април 2026 година донесе

## РЕШЕНИЕ
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ претставник од Градот Скопје, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Виктор Ангелов

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост “претставник од Градот Скопје, Советот на Општина Карпош ја именува и верификува:

- Софија Илиева

3. Со ова решение се разрешуваат членовите на управен одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ претставници од локалната заедница, а именувани и верификувани од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Наде Стојанова
- Дарко Огнановски

4. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост “претставници од редот на локалната заедница, Советот на Општина Карпош ги именува и верификува:

- Катерина Старковска
- Горан Велевски

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/15**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/13** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 23.04.2026 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2005 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 63 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), Советот на општина Карпош, на 12. седница, одржана на 22 април 2026 год. донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат реоните на основните училишта, во кои се опфаќаат учениците од територијата на општина Карпош.

**Член 2**

Со усвојување на оваа одлука се обезбедува реален прилив на учениците во основните училишта, рационално искористување на училишните капацитети во општина Карпош и се спречува и надминува физичко одделување на учениците по етничка припадност.

**Член 3**

Реонот на ООУ „Аврам Писевски“ с.Бардовци, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на населените места М.З.Бардовци, М.З.Злокуќани и Момин поток што се простира во границите на:
-исток: ул. бул. „8 Септември од бр: 17 до бр: 25, Качанички пат ( до надвозник за пруга) и до границата со општина Бутел
-запад: до реката Лепенец
-север: до границата со општина Чучер Сандево
-југ: до реката Вардар

**Член 4**

Реонот на ООУ „Братство“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници Тафталиџе 2, Нерези и дел од Пецо Божиновски Кочо што се простира во границите на:
- исток: улица „ Московска“ бр: 3, 5, 5А, 7, 9, 17А

- запад: ул. бул. „Партизански одреди-1“ бр: 30, ул. „Ванчо Мицков“ бр: 19Б, 42, 67, 69А, 70, ул. „Козле-4“ бр: 4, ул. „Козле-10“ од бр: 21 до бр: 61, ул. „Козле-20“ бр: 1, 7, 11В, 14, ул. „Козле-22“ бр: 3, 8, 10
-север: ул: Бул. „Партизански одреди“ бр: 113 А, 113 Б, 115, 117,......, 145
-југ: ул. бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ од бр: 90 до бр: 96, ул. бул. „Васил Чакаларов“ бр: 1 и бр: 3, ул: „Козле“ бр: 183, ул. „Козле-3“, ул. „Козле-5“, населби: Средно и Горно Нерези.

**Член 5**

Реонот на ООУ „Вера Циривири Трена“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 2“ што се простира во границите на:
-исток: ул. „Никола Тесла“ бр: 9, 9А, 11, ул. „Бранислав Нушиќ“ бр: 4, 9, ул. „Веселин Маслеша“ бр: 1, ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр: 9
- запад: ул. бул. „8 Септември“ од бр: 10 до бр: 40
-север: ул. бул. „Никола Карев“ бр: 129
-југ: ул. бул. „Партизански одреди“ бр: 78, 80.

**Член 6**

Реонот на ООУ „Владо Тасевски“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски Кочо“што се простира во границите на:
Реонот на ООУ „Владо Тасевски“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски Кочо“што се простира во границите на:
-исток 1: ул. „Брадфордска“ бр: 1, ул. „Миле Поп Јорданов“ бр: 29А, 46А, ул. „Џумајска“ бр: 1А, 2, ул. „Козле“ бр: 32А
исток 2: ул. „Леринска“ бр: 1, 2, 4, 4А, 10, ул. „Милан Марковиќ“ бр: 1, 2, ул. „Крчин“ бр: 1, 2, 2А
-запад: до ул. „Козле“ бр: 181, ул. „Јуриј Гагарин“ бр: 76Б
-север 1: ул. „Јуриј Гагарин“ од бр: 43 до бр: 57 и од бр: 22 до бр: 76Б, бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр: 63, од бр: 81-115, 147, 149
север 2: ул. „Козле“ од бр: 1А до бр: 37
-југ: од ул. „Ловќенска-1“ до ул. „Ловќенска-9“, населби: Трнодол и Жданец.

**Член 7**

Реонот на ООУ „Којдан Чернодрински“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Владо Тасевски“ и дел од „Кузман Јосифовски Питу“ што се простира во границите на:

-исток: ул. „Франклин Рузвелт“ од бр: 1 до бр: 47
-запад: ул. „Брадфордска“ бр: 2, ул. бул. „8 Септември“ од бр: 2 до бр: 8, ул. „Стогово“ бр: 27Б, и ул. „Миле Поп Јорданов“ бр: 27Б
-север: ул. бул. „Партизански одреди“ бр: 59 до бр: 87
-југ: од ул. „Васил Ѓоргов бр: 34 до ул. „Козле“ бр: 30

**Член 8**

Реонот на ООУ „Димо Хаџи Димов“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Влае 1“ и „Влае 2“ што се простира во границите на:
-исток: ул. „Влае“ од бр: 87 до бр: 261
-запад: ул. „Фјодор Достоевски“ од бр: 1 до бр: 23 и бр: 40Б
-север: ул. „Ацо Шопов“ од бр: 1 до бр: 15 и дел до реката Лепенец
-југ: ул. „Кленоец“ од бр: 69 до бр: 93, ул. „Ангел Динев“ бр: 1Б, 3 и ул. бул. „Васил Чакаларов“ од бр: 2 до бр: 42.

**Член 9**

Реонот на ООУ „Јан Амос Коменски“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталиџе 1“ што се простира во границите на:
-исток: ул. бул. „8 Септември“ бр: 3 и бр: 8
-запад: ул. „Лондонска“ бр: 2А, 4, 4А, 6, 6Б, 10
-север: ул. бул. „Партизански одреди“ од бр: 93 до бр: 111
-југ: ул. бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр: 98, 112, 116, 216.

**Член 10**

Реонот на ООУ „Лазо Трповски“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 3“ што се простира во границите на:
-исток: ул. „Бледски договор“ бр: 3
-запад: ул. „Манапо“ од бр:3 до бр: 7
-север: ул. бул. „Илинден“ бр: 136, 137, 138, 160, 162, 186, 187
-југ: ул. бул. „Партизански одреди“ од бр: 62, 64А, 64Б, 66А, 66Б, 70А, 72А, 102, 106.

**Член 11**

Реонот на ООУ „Петар Поп Арсов“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 4“ што се простира во границите на:
-исток: ул. „Љубљанска“ од бр: 1 до бр:16
-запад: ул. „ Никола Парапунов“ од бр: 1 до бр: :33
-север: ул. „Разловечко востание“ бр: 2, ул. „Вич“ од бр: 2-10 и бр: 22-26

-југ: ул. бул. „Партизански одреди“ од бр: 72А до бр: 88

**Член 12**

Реонот на ООУ „Христијан Тодорвски Карпош“, Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 1“ што се простира во границите на:
-исток: ул. „Франклин Рузвелт“ од бр: 51 до бр: 69Б
-запад: ул. „Никола Тесла“ од бр: 2 до бр: 18
-север: ул. бул. „Илинден“ од бр: 86 до бр: 97, ул. „Миладин Поповиќ“ бр: 21
-југ: ул. бул. „Партизански одреди“ бр: 46, 48, 48А

**Член 13**

Основното училиште може да запише ученици од друг реон во случаи:
1) кога во училиштето на реонот нема услови за следење на наставата на мајчин јазик;
2) постои документација која го потврдува здравственото или психосоцијалното здравје на ученикот како основ за префрлање;
3) кога училиштето има слободен капацитет и префрлањето е во интерес на детето, потврдено од центарот за ментално здравје.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 15**

Со влегување во сила на оваа одлука, престануваат да важат Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош бр.09-2813/3 од 10.04.2019 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош бр.09-3199/16 од 20.04.2022 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за аутврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош бр.09-2323/12 од 30.03.2023 година.

**Број 09-3851/16** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 22.04.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“- Карпош, Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“-Карпош, Скопје, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/14**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22) и Барање за одобрување донација од Здружението на граѓани ПОЗИТИВО-Скопје, за опремување на сензорна соба бр.52-3722/1 од 08.04.2026 година, и дополна бр.52-3722/2 од 09.04.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“-Карпош, Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност на ООУ „Петар Поп Арсов“ за прифаќање донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО Скопје, за опремување на сензорна соба.

Производи за донацијата:

| | **Производ** | **Количина** | **Вкупно со ДДВ** |
|---|---|---|---|
| 1 | Татами подлога 1x1x2,5 цм црвена/сина | 20 | 21.600,00 |
| 2 | Лулашка платнена 25873-22 | 1 | 8.550,00 |
| 3 | Трамболина со рачка | 1 | 6.750,00 |
| 4 | Проектор ѕвездено небо | 1 | 2.520,00 |
| 5 | Душек 200x100x5 цм | 1 | 8.550,00 |
| 6 | Сензорно огледало панда | 1 | 12.195,00 |
| 7 | Меки ѕидни панели | 8 | 28.800,00 |
| 8 | Графомоторичка табла авион | 1 | 16.110,00 |
| 9 | Прилагодлив тунел | 1 | 11.790,00 |
| 10 | Магнетни плочки 1/72 HD382A | 1 | 3.132,00 |
| 11 | Монтажа на сензорна соба | 1 | 15.000,00 |
| | | **Вкупно** | **134.997,00** |

**Член 2**

Вкупната вредност на донацијата изнесува **134.997,00 денари** со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за образование при Општина Карпош да изготви Договор за донација, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република С. Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3851/17** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум 22.04.2026 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/15**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка и 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), член 65, став 14 од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 244/19), Советот на Општина Карпош на 12. седница одржана на 22 април 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење, во сопственост на Општина Карпош.

**Член 2**

Објектите за спорт во сопственост на Општина Карпош се категоризираат и класифицираат согласно нивната функционалност, опременост, безбедност, инфраструктурни компоненти и содржини за спорт и спортско - рекреативни активности, согласно стандардите за организирање национален и меѓународен систем на натпревари.

**Член 3**

Спортските објекти се категоризираат во следните категории:

I категорија - објекти од врвен (национален/меѓународен) ранг,

II категорија - објекти од регионален и општински ранг и

III категорија - објекти за локална и рекреативна намена

**Член 4**

Објектите за спорт што се во сопственост на Општина Карпош обезбедуваат услови од III категорија за локална и рекреативна намена:

- остварување на локалниот интерес;
- остварување на содржините на спортските активности;
- обезбедување на квалитет и можности за одржување на спортски натпревари од спортско-рекреативни активности,
- натпревари од системот на националните спортски федерации (Училишен спорт)

**Член 5**

Објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош се дадени во Табела 1, кој е составен дел на оваа Одлука.

Табела 1.

| Редбр. | Спортски објект | Адреса | Класификација |
|---|---|---|---|
| 1. | Општинско основно училиште Х.Т.Карпош | Ул. Орце Николов бр.161 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште В.Ц.Трена | Ул. Руѓер Бошковиќ бр.9 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште Војдан Чернодрински | Ул. Дрезденска бр.3 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште Владо Тасевски | Ул. Миле Поп Јорданов бр.74 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште Ј.А.Коменски | Ул. Варшавска бр.23 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште Братство | Ул. Московска 66 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште Д.Х.Димов | Ул. Ангел Динев бр.5 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште П.П.Арсов | Ул. Трифун Бузев бр.2 | Училишна сала |
| | Општинско основно училиште Лазо Трповски | Ул. Радика бр.9 | Училишна сала |
| 10. | Општинско основно училиште Аврам Писевски | Ул. 2 бр.10 | Училишна сала |
| 11. | Општинско основно училиште | Ул. Варшавска бр.23 | Двоен тениски терен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ј.А.Коменски | | |
| 12. | Општинско основно училиште П.П.Арсов | Ул. Трифун Бузев бр.2 | Троен тениски терен |
| 13. | Кеј на река Вардар | Помеѓу ул.„Љубљанска крак„ и улица „Новопланирана“, г.п.02/01 | Алпинистичка карпа |
| 14. | Кеј на река Вардар | Помеѓу ул.„Љубљанска крак„ и улица „Новопланирана“, г.п.02/01 | Двоен тениски терен |
| 15 | Наум Наумовски Борче - Партизан | Ул. „Љубљанска“ | Повеќенаменска спортска сала |

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.

**Член 7**

Со стапување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпошбр.09-7600/11 од 04.12.2020 година.

**Број 09-3851/18**
**Датум 22.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/16**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 15, став 1, точка 9 и став 5, како и член 6 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 21 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 4, став 2, член 34, став 1, точка 2 и член 94, став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) врз основа на Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.12/06), и Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош бр. 09-11690/6 од 26.12.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 12. седница, одржана на 22 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош бр. 09-11690/6 од 26.12.2025 година донесена на 6. Седница на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2025), на начин што се бришат член 5 и член 7а и се додаваат нов член 5 и нов член 7а како што следи:

**Член 5**

Штабот за заштита и спасување што се формира на предлог на Градоначалникот на Општина Карпош го усвојува Советот на Општина Карпош и истиот е составен од:

- **Командант на Штаб** – Сотир Лукровски (Градоначалник на Општина Карпош)
  1. **Началник на Штабот** – Дејан Јонузоски (Раководител на Одделение за занаетчиство, угостителство и туризам)

     **Помошници на началникот на штабот:**
  2. Помошник на Началникот за оперативни работи – Александар Симоноски (Раководител на Сектор за поддршка на Градоначалник)

3. Помошник на Началникот за оперативни работи - Мирјана Пехчевска Поп Илиев (Помошник раководител на Сектор за поддршка на Градоначалник)
4. Помошник на Началникот за прва медицинска помош професор доктор Јасмин Циривири– (Член на Советот на Општина Карпош)
5. Помошник на Началникот за згрижување и евакуација – Ермин Шаровиќ (Самостоен референт-Администрирање на работите на урбаните и на месните заедници)
6. Помошник на Началникот за заштита и спасување од поплави – Томче Панчевски (Советник-Поддршка на активностите на Градоначалникот)
7. Помошник за началникот за заштита од пожари – Петар Теов (Раководител на Секторот за екологија и енергетска ефикасност)

**Помошен персонал**

1. Ракувач со компјутери и средства за врски – Антонио Јанкулоски, (Советник за информатичко комуникациска инфраструктура)
2. Администратор- Јелена Цветковиќ (Помлад соработник во Правен Сектор)
3. Извршител/Возач-Дракче Цацаноски (Референт -Одржување на мрежни системи)
4. Извршител/Курир-Димитар Митевски (Возач)

**Член 7а**

Припадници на Просторната универзална единица за заштита и спасување се:

- **Командант на Просторната единица** – Ермин Шаровиќ (Самостоен референт-Администрирање на работите на урбаните и на месните заедници)
- **Членови на Просторната Единица**

1. Здравко Пршевски (Помлад соработник- Евиденција и координација на буџетот)
2. Златко Пановски (Помлад соработник за административни работи од областа на човечките ресурси)
3. Саша Велиновиќ (Обезбедување на објекти и опрема - II ниво: Чувар II)
4. Томче Панчевски (Советник-Поддршка на активностите на Градоначалникот)
5. Ангелина Велковска Атанасоска (Администратор во МЗ Влае 2)
6. Весна Поповска (Соработник- Анализа, изработка и презентација на проекти и апликации од областа на животната средина)
7. Мимоза Алушовска (Виш соработник – Финансиска контрола)
8. Сеат Чаколи (Координатор на работна група за одржување на јавна чистота)
9. Самед Голиќ (Одржувач на косачки машини)
10. Далиборка Ковачевска (Виш соработник- Утврдување на такси и надоместоци)

11. Филип Стојчевски (Соработник за информатичко комуникациска унфраструктура)
12. Јованче Цветановски (Виш соработник-Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух и бучавата и спречување од загадување на водата, земјиштето и заштита на природата)
13. Мирче Ангеловски (Референт – Развој на мали и средни претпријатија и претприемништво)
14. Никола Таневски ( Виш соработник – Управување и координирање со човечки ресурси)
15. Јасмина Богоева (Самостоен референт – Администрирање на проекти)
16. Жарко Радичевски (Самостоен инспектор – Самостоен градежен инспектор)
17. Лазе Здравев (Раководител на Одделение – Раководител на Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности)
18. Јордан Кокорманов (Самостоен рефенет – Оджување на улично осветлување)
19. Илија Јовановиќ (Хаусмајстор)
20. Сулејман Сулејманов ( Координатор на работна група за оджување на јавна чистота)

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3851/19**
**Датум: 22.04.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош, донесена на 12. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4082/17**
**Датум: 23.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), како и член 62 и член 208 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/2006), на иницијатива на членот на советот на Општина Карпош Татјана Чакулев, Советот на Општина Карпош на 12. седница одржана на 22 април 2026 година донесе

**Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош**

1.Се дава согласност на Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош согласно член 208 и член 209 од Деловникот на Советот на Општина Карпош.

2. Оваа иницијатива влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-3851/20** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум: 22.04.2026 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Годишен извештај за користење на средства од резервите на Општина Карпош во 2025 година, со Решение за објавување;
2. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година, со Решение за објавување;
3. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, со Решение за објавување;
4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, со Решение за објавување;
5. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, со Решение за објавување;
6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година, со Решение за објавување;
7. Одлука за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година, со Решение за објавување;
8. Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид, со Решение за објавување;
9. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување;
10. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување;
11. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје со Решение за објавување;
12. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување;
13. Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош
14. Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“- Карпош, Скопје со Решение за објавување;

15. Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош, со Решение за објавување;
16. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош, со Решение за објавување;
17. Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош, со Решение за објавување.

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.„Никола Русински“ бр.11
Тираж: 10 примероци